**20242243925**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за градежно земјиште,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2024 година.

Бр. 08-5158/1
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 101/21, 153/23 и 61/24), во член 62 во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 2

Во член 67 став (1) во алинејата 5 зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија”.

Член 3

Во член 102 став (1) во алинејата 1 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Член 4

Во член 106 став (2) во алинејата 1 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Член 5

Во член 110 во ставот (1) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Член 6

Во член 116 во ставот (1) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Во ставот (3) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Член 7

Во член 118-а во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 8

Во член 130-а во ставот (5) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт”.

Член 9

Во член 133 во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.